**20192503896**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 83 став (8) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), министерот за информатичко општество и администрација донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ПО ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на решението по извршен инспекциски надзор (во натамошниот текст: „Решението“)

Член 2

(1) Решението се донесува во писмена форма, на образец во А4 формат и содржи:
- вовед,
- диспозитив,
- образложение,
- правна поука,
- назив на органот, број и датум,
- место за потпис и печат.

(2) Образецот на решението е даден во Прилог, кој е составен дел од овој правилник.

Член 3

Воведот на решението содржи:
- назив на инспекциската служба што го донесува решението,
- име и презиме и број на службена легитимација на инспекторот(ите) кој(и) го донесува(ат) решението,
- правен основ од материјалниот(те) закон(и) за донесување на решението,
- назив и адреса на деловното седиште на субјектот на надзорот,
- име и презиме и ЕМБГ на законскиот застапник или полномошник, доколку има, на субјектот на надзорот,
- кратко означување на предметот на инспекцискиот надзор и
- број и датум на записникот од извршениот инспекциски надзор.

Член 4

(1) Диспозитивот на решението содржи:
- опомена изречена на субјектот на инспекциски надзор во определен рок да ги отстрани утврдените недостатоци во записникот од извршениот инспекциски надзор или
- друга инспекциска мерка како наредба, забрана и друга мерка изречена на субјектот на инспекциски надзор.

(2) Ако во изреката се наложува на субјектот на надзор извршување на некое дејствие, тогаш изреката содржи и рок во кој тоа дејствие треба да се изврши.

(3) Во диспозитивот може да биде содржана и одлука за трошоците на вршењето на инспекциски надзор кога постапката е завршена со изрекување на инспекциска мерка, освен опомена.

(4) Ако во диспозитивот не се одлучува за трошоците, се наведува дека за нив се донесува посебен управен акт.

(5) Ако жалбата не го одлага извршувањето на решението, тоа се наведува во диспозитивот.

Член 5

(1) Образложението на решението содржи:

- кратко излагање на предметот на инспекцискиот надзор,
- утврдената фактичка состојба,
- причините кои биле решавачки при оцената на доказити правните прописи кои со оглед на утврдената фактичка состојба упатуваат на решението во диспозитивот,
- насоки за постапување односно за спроведување на наложеното дејствие од страна на субјектот на инспекциски надзор, доколку такво е наложено, и
- називите и на другите органи, односно инспекциски служби кои учествувале во вршењето на инспекцискиот надзор (во случај кога учествувале две или повеќе инспекциски служби).

(2) Ако жалбата не го одлага извршувањето на решението, образложението содржи и повикување на прописот кој го предвидува тоа.

Член 6

(1) Со правната поука субјектот на инспекцискиот надзор се известува за правото да изјави жалба односно да поведе управен спор односно друга постапка против решението.

(2) Кога против решението може да се изјави жалба, во правната поука се наведува надлежниот орган за одлучување во втор степен, рокот за изјавување на жалбата од денот на приемот на решението, износот на таксата и бројот на примероци на жалбата.

(3) Кога против решението може да се поведе управен спор, во правната поука се наведува дека тужбата се поднесува до Управниот суд и се определува рокот за поднесување, а кога може да се поведе друга постапка пред суд, се наведува надлежниот суд и рокот за поднесување.

Член 7

Решението се потпишува од страна на инспекторот кој го вршел инспекцискиот надзор, освен во други случаи утврдени со закон кога го потпишува функционерот на органот или од него овластено службено лице или директорот на инспекциската служба.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и задолжителните елементи на решение и заклучок на инспектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 165/11).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19).

Бр. 02-4712/2
29 ноември 2019 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
**Дамјан Манчевски,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**Образец на решение по извршен инспекциски надзор**

[назив на инспекциската служба]преку ______________ (*име и презиме на инспекторот*), со службена легитимација број ____, изврширедовен/вонреден/контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор__________________ (*назив и адреса на деловното седиште на субјектот на инспекциски надзор)*, застапувано од______________ (*име и презиме и ЕМБГ на законскиот застапник или полномошник на субјектот на надзорот*)и со Записник број _____ од _____ година (*број и датум*), ја утврди фактичката состојба врз основа на __________________ (*се наведува основот од релевантниот закон*), го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) Се ____________________________________________(*вид на инспекциска мерка*) на _____________________________________________________________(*назив на субјектот на инспекциски надзор*) да _____________________________________________________________ (*опис на обврската*).

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува ___________________________________________.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) Се задолжува субјектот на инспекциски надзород точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________денари, на жиро сметка број ____________________.

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

### Образложение

[назив на инспекциската служба]врз основа на __________________ (се наведува основот од материјалниот закон), преку ______________ (име и презиме на инспекторот), со службена легитимација број ____, изврши редовен/вонреден/контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор__________________ (назив и адреса на деловното седиште на субјектот на инспекциски надзор), застапувано од ______________ (име и презиме и ЕМБГ на законскиот застапник или полномошник на субјектот на надзорот)и состави Записник број _____ од _____ година (број и датум), во кој е костатирано:

_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________.

*(се дава опис на фактите кои се утврдени со инспекцискиот надзор)*

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
_____________________________________________________________.

*(Се наведуваат доказите кои биле решавачки за утврдување на фактичката состојба и правните прописи кои со оглед на утврдената фактичка состојба упатуваат на решението во диспозитивот. Исто така, ако жалбата не го одлага извршувањето на решението, образложението содржи и повикување на прописот кој го предвидува тоа).*

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивотна ова решение.**

ПРАВНА ПОУКА

*Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.*

**Решено во _______________________________________________ (*назив на инспекциската служба*) под број _________ од _________ година (*број и датум*).**

_________________________

*[потпис, име и презиме и број на службена легитимација на инспекторот (ите) или име, презиме и функција на овластеното лице]*

М.П.